# С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К

**на**

**Општина Ранковце**



| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник наОпштина Ранковце<br>Издавач:Општина Ранковце<br>излегува по потреба | Година XXV број 3<br>1 Март 2024 година<br>Ранковце | Гласникот е бесплатен |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за задолжително интонирање на химната на Република Северна Македонија во општинското основното училиште во Општина Ранковце**

1.Се прогласува Одлуката за задолжително интонирање на химната на Република Северна Македонија во општинското основното училиште во Општина Ранковце, донесена на 36-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 28.02.2024 година.

2.Одлуката за задолжително интонирање на химната на Република Северна Македонија во општинското основното училиште во Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-337/1**
**01.03.2024 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 2 и член 26 став 1 алинеја 4 од Законот за употреба на грбот, занамето и химната на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.32/97 и 110/08) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15 и 4/19), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 28-02-2024 година, донесе

## О Д Л У К А

**За задолжително интонирање на химната на Република Северна Македонија во општинското основното училиште во Општина Ранковце**

член 1

Со оваа Одлука се утврдува обврска за општинското основно училиште во Општина Ранковце за задолжително интонирање на химната на Република Северна

Македонија, утврдена во Законот за химната на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.50/92).

Член 2

Во општинското основно училиште во Општина Ранковце химната на Република Северна Македонија ќе се интонира пред почетокот на наставата за првата смена и тоа :
во тековната учебна 2023/2024 годинасекој понеделник
од наредната учебна 2024/2025 година секој работен ден од понеделник до петок

член 3

При интонирање на химната на Република Северна Македонија, општинското основно училиште е должно задолжително да обезбеди соодветни услови за достоинствено следење на химната од страна на сите ученици, вработените и други присутни од почетокот до крајот на интонирањето на химната.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-281/3**
**28.02.2024 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател,**
**Александра Стамболиска-Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Програмата за дезинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце за 2024 година

1.Се прогласува Програмата за дезинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце за 2024 година, донесена на 36-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 28.02.2024 година.

2.Програмата за дезинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце за 2024 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-337/2**
**01.03.2024 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РСМ “ бр.5/02), член 42 и член 43 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („ Службен весник на РСМ“ бр. 66/04, бр.139/08, бр.99/09, бр. ) и член 23 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19, 5/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 28.02.2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за дезинсекција и дератизација на подрачјето на**
**Општина Ранковце за 2024 година**

**Вовед**

Како резултат на глобалното затоплување и климатските промени постои можност за зголемување на бројот на заразни заболувања и појава на заболувања кои веќе се искоренети или биле присутни во минатото, заболувања кои не се карактеристични за нашето подрачје, како и можност за појава на тропски и субтропски болести кои ги пренесуваат комарците и други вектори.

Поволните природни услови и микроклиматски погодности обезбедуваат постојано присуство на бројни популации на комарци и други штетни инсекти .

Присуството на комарците, крлежите и другите штетни инсекти, како и присуството на глодарите е перманенто присутен проблем кој мора да се решава и со тоа да се обезбеди заштита на населението од штетните влијанија на овие биолошки врсти. Болестите при кои причинителот на заболувањето се пренесува од еден на друг домаќин преку живи преносители (вектори) се нарекуваат трансмисиони заразни болести

Трансмисиони заразни болести се: Зика вирусна инфекција, Конго-кримска хеморагична треска, Вирус од Западен Нил, Хеморагична треска, Чукунгунија, Лајмска болест, Лајшманиоза, Маларија, Денга и други кои во кои во иднина има голема можност да се регистрираат во Република Северна Македонија.

Поради тоа потребно е превентивно да се превземаат соодветни мерки за нивно спречување, уништување на векторите и едукација на населението за соодветна лична заштита. Една од општите мерки за превенција и контрола на заразните болести се дезинсекција и дератизација во Општина Ранковце.

Со оваа Програма се утврдуваат епидемиолошките карактеристики на трансмисивните заболувања, начинот на организирањето на дезинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце во 2024 година, периодот на вршење на активностите и финансирањето на истите.

## 1. Климатско-метеоролошки карактеристика на Општина Ранковце

Територијата на Општина Ранковце се наоѓа североисточниот дел на РСМ , го зафаќа просторот на Славишко Поле, кое му припаѓа на сливното подрачје на Крива Река. Општина Ранковце претставува природна, географска и економска целина на 18 населени места и зафаќа површина од 242,55 km. Општинскиот центар е лоциран во селото

Ранковце и спаѓа во групата на мали општини. Климата е умерено-континентална што се должи на географската диспозиција и на извесните влијанинја кои навлегуваат од Егејот преку Крива Река. На територијата на Општина Ранковце постојат повеќе постојани или повремени водени површини: реки, потоци, канали (вади), вештачки езера и други слични површини, како и разновидна флора. Исто така постојат и диви депонии кои претставуваат идеални места за размножување и опстанок на глодарите и инсектите.

## 2. Мерки

Појавата и потенцијалната опасност или закана од појава на заболувања пренесени преку комарци и други вектори, наметнува итна примена на општите мерки за спречување на појавата, раното откривање, спречувањето на ширењето и сузбивањето на заразните болести. Законот за заштита на населението од заразни болести, дезинсекцијата и дератизацијата ги утврдува како основни мерки за заштита од заразни болести.

### I. <u>Дезинсекција</u>

Дезинсекцијата има за цел редукција на инсектите и нивно доведување на едно биолошко ниво, со што во голема мера ќе се допринесе во подобрување и зачувување на здравјето на луѓето и обезбедување на здрава околина.
Превентивната дезинсекција се изведува на два начини:

- Уништување на комарецот во фаза на ларва – така наречена **ларвицидна дезинсекција**; и
- Уништување на возрасните единки на комарецот – така наречена **адултицидна дезинсекција** која се изведува преку прскање, оросување, замаглување, авионска и терестичка дезинсекција, итн.

Комбинацијата од лаврцидна и адултицидна дезинсекција е вистинско решение и истите треба континуирано да се изведуваат од рана пролет до касна есени на стручен и организиран начин.

### II. <u>Дератизацијата</u>

Дератизацијата претставува збир на мерки и постапки кои се применуваат во борба против глодарите.

- **<u>Превентивната дератизација</u>** подразбира превземање на механички, физички и хемиски мерки со цел:
- Спречување на влегување, задржување и размножување на штетните гасови;
- Намалување на популацијата на штетните глодари;
- **<u>Задолжителната дератизација</u>** се спроведува со цел:
- Отстранување на заразни заболувања кои ги пренесуваат штетните глодари;
- Отстранување на економските штети кои настануваат како последица на уништувањето и загадувањето на храната од страна на глодарие;
- Спречување на контаминација на објектите;

3. **Планирани активности**

Општина Ранковце во соработка со Центарот за јавно здравје од Куманово/ПЕ-КР. Паланка ќе превземе соодветни мерки за спречување на заразните заболувања:

- Подигнување на свеста на населението преку медиумите
- Теренска проценка на околината во тек на цела година
- Мапирање на сите стоечки води, бари, мочуришта на територијата на Општина Ранковце;
- Употреба на заштитни мрежи на вратите и прозорците во домовите
- Примена на заштитни средства (репеленти) во облик на лосион, аеросол спреј или крем за кожата, примена на облека која ги одбива комарците
- Отстранување на високи треви, средување на земјиштето каде што се кријат крлежите
- Редовно чистење на олуците за да се овозможи истекување на водата
- Отстранување на застојаните води (бари) по дворовите, во буриња, канти, пластични шишиња и чаши, автомобилски гуми и сите други предмети каде што се задржува вода која претставува средина за множење на комарци
- Да се одбегнува излегување и престој надворво зори или во самрак кога комарците се нај активни.

Исто така на територијата на Општина Ранковце може да се спроведе аеросолната дезинсекција и тоа по пат на авиодезинсекција и терестична дезинсекциј
Со авиодезинсекцијата треба да бидат третирани вкупно 480 hа (особено по течението на Крива река и притоките; вировите на територија на село Ранковце, село Љубинци и село Гиновци; и акумулацијата – вештачко езеро „Отошница“) во 3 (три) наврати, и тоа: во месец јуни, јули и август - против возрасни комарци.

Со терестична дезинсекција ќе бидат третирани вкупно 40 hа во 2 (два) наврата (јуни и август), против возрасни комарци и 45 hа против ларви во 1 (еден ) наврат ( во првиот момент од годината кога ќе се создадат услови за тоа).
Аеросолната дезинсекција ќе се изведува во раните утрински часови, во денови на викендите, заради намалено движење на граѓаните, и тоа при поволни временски услови, без ветер, дожд и слично. Конкретните датуми ќе се утврдуваат во зависност од метеоролошките состојби. При неповолни временски услови назначените термини се одложуваат за првиот нареден поволен термин. Заради безбедно и ефикасно извршување на работите, граѓаните навремено ќе бидат информирани преку печатените и електронските медиуми за времето и начинот на спроведувањето на аеросолната дезинсекција.
Превентивната дератизација на територијата на Општина Ранковце ќе ја спроведе Јавното комунално претпријатие „ Чист ден “, Ранковце, и тоа во 2 (два) наврата.

Активностите ќе се спроведуваат на следниве локации:

- Рибник „Гогомонд“
- Влез во село Ранковце
- Вирови во село Љубинци
- Езерца во село Гиновци и рибник Парк Гиновци
- Одредени подрачја на село Петралица
- Одредени подрачја на село Псача

- Опила-трски
- Гиновци-спортски центар покрај река.

**4. Очекувани резултати**

Со реализација на оваа Програма се очекуваат следните резултати:
- Спроведување на редовна годишна превентивна дезинсекција и дератизација
- Унапредување на здравјето на граѓаните на Општина Ранковце и заштита од заразни заболувања
- Ставање под контрола на размножувањето на штетниците и глодарите

**5. Финансирање**

Финансирањето на оваа Програма се врши од средствата предвидени со Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година и од Буџетот на ЈКП „Чист ден“- Ранковце за 2024 година .

**6. Завршна одредба**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Ранковце”.

**Бр. 09-281/4**
**28.02.2024 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2023 година**

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2023 година, донесен на 36-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 28.02.2024 година.

2.Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2023 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-337/3**
**01.03.2024 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 36-та седницата одржана на ден 28.02.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2023 година**

1. Со овој Заклучок се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2023 година

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-281/5**
**28.02.2024 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска -Јовановска, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Заклучокот за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на к.п.бр.5961, к.п.бр.5964, к.п.бр.6623 и дел од к.п.бр.5457 КО Петралица, Општина Ранковце**

1.Се прогласува Заклучокот за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на к.п.бр.5961, к.п.бр.5964, к.п.бр.6623 и дел од к.п.бр.5457 КО Петралица, Општина Ранковце, донесен на 36-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 28.02.2024 година.

2.Заклучокот за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на к.п.бр.5961, к.п.бр.5964, к.п.бр.6623 и дел од к.п.бр.5457 КО Петралица, Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-337/4**
**01.03.2024 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 39 став 5 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/2020), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 28-02-2024 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
**За прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на к.п.бр.5961, к.п.бр.5964, к.п.бр.6623 и дел од к.п.бр.5457 КО Петралица, Општина Ранковце**

Се прифаќа иницијативата за Изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на к.п.бр.5961, к.п.бр.5964, к.п.бр.6623 и дел од к.п.бр.5457 КО Петралица, Општина Ранковце.

Прифатената иницијатива да биде вградена во програмата за изработка на урбанистички планови за Општина Ранковце за 2024 година, („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр.14/23).

Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-281/6** **Совет на Општина Ранковце**
**28.02.2024 година** **Претседател,**
**Ранковце** **Александра Стамболиска-Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Програмата за дополнување на ПРОГРАМАТА за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2024 година**

1.Се прогласува Програмата за дополнување на ПРОГРАМАТА за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2024 година, донесена на 36-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 28.02.2024 година.

2.Програмата за дополнување на ПРОГРАМАТА за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2024 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-337/5** **Општина Ранковце**
**01.03.2024 година** **Градоначалник**
**Ранковце** **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/2020) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 28-02-2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**За дополнување на ПРОГРАМАТА за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2024 година**

Во ПРОГРАМАТА за изработка на урбанистички планови за Општина Ранковце за 2024 година, („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр.14/23), се врши дополнување и тоа:
Во Точка 2. Изработка на Урбанистички проект за потребите на општината и по барање на физички и правни лица се додава:
Изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена **Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани** на к.п.бр.5961, к.п.бр.5964, к.п.бр.6623 и дел од к.п.бр.5457 КО Петралица, Општина Ранковце, финансиран од Звонко Спасовски од Скопје-Гази Баба, Јурумлери ул. „ 3 “ бр. 27А.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник “ на Општина Ранковце.

**Бр.09-281/7**
**28.02.2024 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател,**
**Александра Стамболиска-Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година, за четврт квартал**

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештај за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година, за четврт квартал, донесен на 36-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 28.02.2024 година.

2.Заклучокот за усвојување на Извештај за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година, за четврт квартал, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-337/6**
**01.03.2024 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 36-та седницата одржана на ден 28.02.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештај за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година, за четврт квартал**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година бр.0103-15/1 од 13.02.2024 година, усвоен од Управниот одбор на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН – Ранковце со Одлука бр.0201-26/1 од 14.02.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-281/8**
**28.02.2024 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска -Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година**

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година, донесен на 36-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 28.02.2024 година.

2.Заклучокот за усвојување на Извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-337/7** **Општина Ранковце**
**01.03.2024 година** **Градоначалник**
**Ранковце** **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 36-та седницата одржана на ден 28.02.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година бр.0103-17/1 од 13.02.2024 година, усвоен од Управниот одбор на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН – Ранковце со Одлука бр.0201-25/2 од 14.02.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-281/9** **Совет на Општина Ранковце**
**28.02.2024 година** **Претседател**
**Ранковце** **Александра Стамболиска -Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за финансиско работење на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година, за четврт квартал**

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештај за финансиско работење на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година, за четврт квартал, донесен на 36-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 28.02.2024 година.

2.Заклучокот за усвојување на Извештај за финансиско работење на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година, за четврт квартал, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-337/8**
**01.03.2024 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 36-та седницата одржана на ден 28.02.2024 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За усвојување на Извештај за финансиско работење на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година, за четврт квартал

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за финансиско работење на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година, за четврт квартал бр.0103-14/1 од 13.02.2024 година, со дадено Позитивно мислење бр.0202-20/1 од 14.02.2024 година од Надзорниот одбор на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН – Ранковце и усвоен од Управниот одбор на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН – Ранковце со Одлука бр.0201-24/1 од 14.02.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-281/10**
**28.02.2024 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска -Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година**

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година, донесен на 36-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 28.02.2024 година.

2.Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-337/9** — **Општина Ранковце**
**01.03.2024 година** — **Градоначалник**
**Ранковце** — **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 36-та седницата одржана на ден 28.02.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Финансискиот Извештајот за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година бр.0103-16/1 од 13.02.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-281/11** — **Совет на Општина Ранковце**
**28.02.2024 година** — **Претседател**
**Ранковце** — **Александра Стамболиска -Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2023 година**

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2023 година, донесен на 36-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 28.02.2024 година.

2.Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2023 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-337/10** **Општина Ранковце**
**01.03.2024 година** **Градоначалник**
**Ранковце** **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, и „Слжбен весник на Република Северна Македонија’’ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 36-та седницата одржана на ден 28.02.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Годишната завршна сметка на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишната завршна сметка на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2023 година.

2 . Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-281/12** **Совет на Општина Ранковце**
**28.02.2024 година** **Претседател**
**Ранковце** **Александра Стамболиска -Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2023 година**

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2023 година, донесен на 36-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 28.02.2024 година.

2.Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2023 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-337/11** **Општина Ранковце**
**01.03.2024 година** **Градоначалник**
**Ранковце** **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 27 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 36-та седницата одржана на ден 28.02.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце за 2023 година бр. 0102-19/1 од 13.02.2024 година, усвоен од Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце со Одлука бр.0201-26/1 од 14.02.2024 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-281/13** **Совет на Општина Ранковце**
**28.02.2024 година** **Претседател**
**Ранковце** **Александра Стамболиска -Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Ј.С.П. Ранковце, за 2023 година**

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Ј.С.П. Ранковце, за 2023 година, донесен на 36-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 28.02.2024 година.

2.Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Ј.С.П. Ранковце, за 2023 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-337/12** **Општина Ранковце**
**01.03.2024 година** **Градоначалник**
**Ранковце** **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, и „Слжбен весник на Република Северна Македонија’’ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10,

3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 36-та седницата одржана на ден 28.02.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Годишната завршна сметка на Ј.С.П. Ранковце, за 2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишната завршна сметка на Ј.С.П. Ранковце, за 2023 година.

2 . Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-281/14**
**28.02.2024 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска -Јовановска,с.р..**

# С О Д Р Ж И Н А


1. Заклучок за прогласување на Одлуката за задолжително интонирање на химната на Република Северна Македонија во општинското основното училиште во Општина Ранковце
2. Одлука за задолжително интонирање на химната на Република Северна Македонија во општинското основното училиште во Општина Ранковце
3. Заклучок за прогласување на Програмата за дезинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце за 2024 година
4. Програма за дезинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце за 2024 година
5. Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2023 година
6. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2023 година
7. Заклучок за прогласување на Заклучокот за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на к.п.бр.5961, к.п.бр.5964, к.п.бр.6623 и дел од к.п.бр.5457 КО Петралица, Општина Ранковце
8. Заклучок за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на к.п.бр.5961, к.п.бр.5964, к.п.бр.6623 и дел од к.п.бр.5457 КО Петралица, Општина Ранковце
9. Заклучок за прогласување на Програмата за дополнување на ПРОГРАМАТА за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2024 година
10. Програма за дополнување на ПРОГРАМАТА за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2024 година
11. Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година, за четврт квартал
12. Заклучок за усвојување на Извештај за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година, за четврт квартал
13. Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година
14. Заклучок за усвојување на Извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година
15. Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за финансиско работење на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година, за четврт квартал
16. Заклучок за усвојување на Извештај за финансиско работење на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година, за четврт квартал
17. Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година

18. Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2023 година
19. Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2023 година
20. Заклучок за усвојување на Годишната завршна сметка на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2023 година
21. Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2023 година
22. Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2023 година
23. Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Ј.С.П. Ранковце, за 2023 година
24. Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Ј.С.П. Ранковце, за 2023 година

-----------------------------------------------------/-----------------------------------------------------------